# ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ НА МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВИЗИОН

Гостивар, јуни 2023 година

Врз основа на член 94 став 1 алинеја 43 и член 19 став 2 алинеја 12 од Законот за високото образование, како и на член 96 став 1 алинеја 44 и член 15 став 1 алинеја 12 од Статутот на Меѓународен универзитет Визион во Гостивар, Универзитетскиот сенат на XLII –та седница одржана на ден 13.6.2023 година, го усвои следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ НА МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВИЗИОН

## 1. Предмет на уредување

Член 1

Со овој Правилник се уредува формирањето, целите и задачите, организациската поставеност, надлежностите и одговорностите, формалните политики и процедури, просторот, опремата и финансирањето на Центарот за обезбедување на квалитет на Меѓународен универзитет Визион (во понатамошниот текст Универзитетот).

## 2. Формирање на Центарот за обезбедување на квалитет

Член 2

Центарот за обезбедување на квалитет е внатрешна организациона единица на Универзитетот која е формирана со одлука на Универзитетскиот сенат на предлог на Ректорот.

Центарот за обезбедување на квалитет функционира интегрално на ниво на Универзитетот.

Член 3

Центарот за обезбедување на квалитет се формира врз основа на следниве принципи:

- одржливост на организацискиот менаџмент;
- извонредност во работењето;
- развој на менаџментот со промени;
- креативност и критичко размислување;
- промоција и негување на иновациите;
- лидерска ефективност;
- ефикасен менаџмент;
- промоција и развој на култура на квалитет;
- истражувачка етика и интегритет;
- обезбедување на општествена одговорност;
- етичност, инклузивност, еднаквост и правичност;
- јавност, транспарентност и виралност.

## 3. Цели и задачи на Центарот за обезбедување на квалитет

Член 4

Основни цели и задачи на Центарот за обезбедување на квалитет се обезбедување

придонес во:

- развој и унапредување на квалитетот во наставата и учењето;
- развој и унапредување на квалитетот на наставните програми;
- унапредување и осовременување на студиските програми;
- развој на паметни средини и унапредување на дигиталните вештини;
- подлоги, следење и контрола на постапките за самоевалуација и надворешна евалуација;
- обезбедување на транспарентност и разбирање на постапките за планирање, контролирање, обезбедување и унапредување на квалитетот;
- инклузивност на барањата за обезбедување на квалитетот од стандардите за системите за менаџмент со квалитет, и други барања поврзани со квалитетот;
- развој на квалитетот на научно-истражувачката работа и промоција на отворената наука;
- мобилност на размената на знаењата помеѓу Универзитетот и општествената заедница на домашен и меѓународен план;
- унапредување на односите во меѓународната соработка;
- обезбедување добросостојба на сите засегнати страни на Универзитетот.

## 4. Организациска поставеност на Центарот за обезбедување на квалитет

Член 5

Центарот за обезбедување на квалитет го сочинуваат раководител, референт за академски прашања, администрација и студентски сервис.

Центарот за обезбедување на квалитет го претставува и раководи раководител.

Раководителот го назначува ректорот за период од 4 (четири) години.

Раководителот изготвува Програма за работа и Акциски план за реализација на работењето на Центарот за обезбедување на квалитет кои ги одобрува Ректорот.

Раководителот најмалку еднаш годишно изготвува Извештај за реализација на Програмата за работа и Акцискиот план и го доставува до Ректорот.

Раководителот на Центарот за обезбедување на квалитет иницира промоција на квалитетот на образованието на Универзитетот, во државата и странство.

Раководителот на Центарот за обезбедување на квалитет остварува соработка со домашни и странски институции и организации, во поглед на промоција и размена на искуствата поврзани со обезбедување и контрола на квалитетот на Универзитетот.

Организациската поставеност на Центарот за обезбедување на квалитет е дефинирана со органограм даден во прилог на овој Правилник.

## 5. Надлежности и одговорности на Центарот за обезбедување на квалитет

Член 6

Основни надлежности и одговорности на Центарот за обезбедување на квалитет се:

- да соработува со телата, органите и организациските единици на Универзитетот со цел планирање, контрола, обезбедување и унапредување на квалитетот на Универзитетот;
- да создава предуслови за интеграција на Универзитетот во националните и

интернационалните мрежи за контрола и обезбедување на квалитетот;
- да предлага и координира иницијативи и развојни програми со цел континуирано обезбедување и унапредување на квалитетот;
- да поттикнува и координира кружоци за квалитет на сите нивоа на Универзитетот;
- да ја шири културата на квалитет на сите нивоа на Универзитетот;
- да предлага и развива критериуми за вреднување на квалитетот во работењето;
- да ги координира, следи и контролира постапките за самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот;
- да врши анализа на резултатите од самоевалуацијата, надворешна евалуација, и други евалуации и да предлага мерки за унапредување;
- да развива и воспоставува постапки и процедури за планирање, контрола, обезбедување, и унапредување на квалитетот;
- да го контролира спроведувањето на имплементираните постапки и процедури за работа;
- во соработка со деканите на факултетите да врши контрола на јавноста и транспарентноста на критериумите, правилата и постапките за оценување, како и на конзистентноста на нивната примена;
- да врши контрола и да обезбеди навремено објавување на наставните програми на факултетите;
- да ги истражува причините за пад на квалитетот (да ги идентификува причините за неуспешност на студентите во процесот на учење, причините за предолго студирање и друго) и анализира податоците од различни целни групи (студенти, наставен кадар, јавно мислење и сл.);
- да спроведува и обработува анкети на студентите во врска со квалитетот на наставниот процес и работата на наставниот кадар;
- во соработка со Ректорската управа да развива постапки и процедури со кои ќе се обезбеди компетентност на наставно-научниот и соработничкиот кадар вклучен во наставниот-научниот и научно- истражувачкиот процес;
- во соработка со деканите на факултетите да предлага и развива програми за обука и унапредување на наставните вештини и компетенции на академскиот кадар;
- во соработка со раководителите на останатите организациски единици да предлага и развива програми за обука и унапредување на знаењето и вештините на вработените;
- да врши мониторинг на исполнувањето на целите за квалитет во сите организациски единици на Универзитетот, преку контрола на реализација на акциските планови;
- да ги прибира, анализира и користи релевантните информации за ефективно управување со студиските програми и другите активности на Универзитетот;
- да ги предлага, следи и развива клучните индикатори за вреднување на перформансите на Универзитетот од аспект на квалитет;
- да врши контрола на податоците и информациите во врска со студиските програми, и дипломите кои ги нуди Универзитетот, можностите за вработување на студентите, успехот на некогашните студенти и профилот на актуелната студентска популација;
- да врши и други надлежности кога тоа е потребно со цел подигнување на квалитетот во образованието на Универзитетот;
- да обезбеди предуслови и контрола дека јавно објавените информации се точни, целосни, објективни и лесно достапни.

## 6. Формални политики и процедури на Центарот за обезбедување на квалитет

Член 7

Центарот за обезбедување на квалитет во соработка со Ректорската управа дефинира и развива формални политики и процедури кои обезбедуваат рамка во која Универзитетот може да го развива, мониторира и унапредува Системот за менаџмент со квалитет.

Политиките треба да содржат изјави со намери и основни начини на кои целите за квалитет ќе бидат постигнати.

Член 8

Центарот за обезбедување на квалитет на сите факултети на Универзитетот треба да развива:

- јасни и експлицитни резултати од учењето во наставните програми;
- знаење, спремност, и компетентност на наставно-научниот и соработнички кадар кадар, како и нивна посветеност и желба да се обезбеди квалитет во процесот на предавање и учење на студентите со цел да ги постигнат резултатите од учењето;

Член 9

Центарот за обезбедување на квалитет во соработка со Ректорската управа дефинира и развива формални механизми за одобрување, периодично ревидирање и мониторинг на наставните програми, студиските програми и дипломи.

Член 10

Процесот на обезбедување на квалитетот на програмите вклучува:

- развој и објавување на експлицитни цели од учењето;
- дизајнирање на содржината на наставните програми;
- специфични потреби за различните начини на стекнување на знаењата (редовно или вонредно студирање, далечинско учење, е-учење...) и типови на високо образование (академско, професионално...);
- расположливост на учебни ресурси;
- процедури за формално одобрување на програмите од официјално тело (организација) која не е вклучена во реализација на програмата;
- мониторинг на прогресот и постигнувањата на студентите;
- регуларни периодични контроли/анализи на програмите (со вклучени надворешни членови);
- повратни информации од работодавците, претставници од пазарот на трудот и други релевантни организации;
- учество на студентите во активностите за обезбедување и унапредување на квалитетот.

## 7. Простор и опрема на Центарот за обезбедување на квалитет

Член 11

За потребите на Центарот за обезбедување на квалитет се обезбедува канцеларија, простор за обуки и адекватна техничка и друга опрема на Универзитетот.

Универзитетот и единиците на Универзитетот на Центарот за обезбедување на квалитет му обезбедуваат соодветна хардверска и софтверска подршка со цел вршење на својата работа.

## 8. Финансирање на Центарот за обезбедување на квалитет

Член 12

Финансирањето на Центарот за обезбедување на квалитет се врши од средства на Универзитетот.

Центарот за обезбедување на квалитет може да се финансира и со средства од донации, спонзорства и проекти.

## 9. Преодни и завршни одредби

Член 13

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во Гласникот на Универзитетот.

**Претседател на сенат, с.р.**